ПРИКАЗНИ ЗА ДЕЦА
СО ДУХОВНА ПОРАКА

Светлото во срцето

Некаде далеку, во малечко село, живеело момче по име Леон. Тој бил тажен бидејќи никој не му објаснил зошто понекогаш луѓето се лути, а другпат среќни. Луѓето во селото биле чудни, секој се чувствувал различно, и Леон не можел да разбере зошто некои денови сите биле насмеани и исполнети, а понекогаш луѓето биле тажни и повредени.

Една вечер, додека гледал во ѕвезденото небо, му се појавил мудар старец. Тој бил обвиткан со светлина што изгледала како да доаѓа од самиот хоризонт.

„Леон, дали знаеш дека во секое срце има светло кое никогаш не згаснува?“ го прашал старецот со мил збор. „Тој е дарот на љубовта и добрината што секогаш можеш да ја пуштиш надвор, кога ќе сакаш. Но, понекогаш луѓето не го гледаат тоа светло, затоа што се фокусираат само на темнината околу нив.“

„А како да го најдам тоа светло?“ прашал Леон, очите му светеле од радозналост.

„Треба да научиш како да го слушаш своето срце,“ одговорил старецот. „Кога ќе помогнеш некому, кога ќе се насмееш, кога ќе простиш, тоа светло блеска посилно. Тоа е она што создава радост и мир, а тоа светло никогаш не згаснува. И кога ќе го најдеш, ќе го носиш со себе засекогаш.“

Леон започнал да го применува тоа што го научил. Секој ден, тој се трудел да биде добар, да помогне таму каде што може. Тој помогнал на бабата со дрвата, му простил на пријателот што го налутил и ја насмеал сестричката која била тажна. Секојпат кога го правел тоа, неговото срце станувало посветло и полно со радост.

На крајот, Леон открил дека светлото никогаш не се губи. Тоа само чека да го пронајдеш во себеси и да го споделиш со другите. Тоа е светло што не може да се изгаси, затоа што е дел од твоето срце.

Поука:

Светлината на љубовта и добрината е во нас. Колку повеќе ја делиме, толку посветло станува нашето срце.

Прашања за разговор со детето:

1. Како мислиш дека Леон се чувствувал пред да научи за светлото во срцето?
2. Што за тебе значи светло во срцето? Како би го опишал тоа?
3. Кои работи направи Леон за да го направи своето срце посветло?
4. Како мислиш дека може да помогнеш на некој друг за да го направиш неговото срце посветло?
5. Што значи „светло“ во контекст на љубовта и добрината? Зошто мислиш дека светлината не може да згасне?
6. Дали некогаш си се чувствувал како Леон пред да научи нешто важно? Како ја најде твојата светлина?
7. Што ќе направиш ако некој се почувствува тажно? Како можеш да му помогнеш да се почувствува подобро?
8. Ако сите луѓе имаат светло во срцето, што мислиш дека би се случило ако секој од нас го сподели тоа светло со другите?
9. Зошто, мислиш, помагањето и простувањето се толку важни за нашето срце?
10. Како можеш да го користиш ова учење во твојот секојдневен живот?

Фламингото што се плашеше да лета

извадок од книгата „Едно слонче со црвено балонче“
- Софија Петковска

Лето во Африка. Земјата сета се распукала од што е сува, никаде вода. Само покрај оазите беше пријатно да се помине денот.
Едно рано утро, токму таму, во една ладовинка, под огромна палма, едно розово фламинго седеше и плачеше. Тоа толку силно плачеше, што сите животни се разбудија од сон.

Животните почнаа да се лутат:
„Каква е оваа врева, вака рано наутро?! Кој ли плаче? И зошто? Што ли се случило?”

И додека сите негодуваа, прашуваа и се лутеа, некој со својот длабок и силен глас ја прекина вревата.
,,Доста! Ви наредувам сите да престанете со зборување!”

Сите наеднаш замолкнаа пред овој моќен глас, бидејќи сите се плашеа од него, но ѝ го почитуваа поради својата праведност, чесност и големина. Тоа беше гласот на кралот на животните-убавиот лав. И кога сите животни замолкнаа, во воздухот сѐ уште се слушаше плачот на розовото фламинго.

Тогаш кралот лав полека се доближи до тажната птица и праша:
„Што ти е? Зошто плачеш?”

Фламингото, со солзи во очите и со растреперен глас одговори:
„Многу сум тажно, почитуван кралу. Тажно сум бидејќи имам страв од летање. Сите мои браќа и сестри ми се потсмеваат бидејќи не можам да летам. Верувајте ми, кралу, се обидов неколкупати да полетам, но секогаш онаа мисла во мојата глава дека нема да успеам, дека не сум доволно храбро како другите фламинга, дека кога ќе полетам ќе паднам, ете тој страв ме спречува да ги пуштам крилјата и да летам. Ахxх, а толку многу сакам да полетам, да ги допрам височините, да му се насмевнам на сонцето и да уживам во погледот од високо.”

Откако фламингото ја раскажа својата приказна, повторно почна да плаче, но кралот лав откако убаво го ислуша рече:
„Доста е! Доста плачеш! Ништо не можеш да направиш ако само седиш овде и тагуваш. Деновите ќе поминуваат, ти ќе бидеш сè потажен и потажен зошто не си со своето семејство. Мора да се преземе нешто друго. Јас ќе ти помогнам и ќе те научам како да леташ. Сега слушни ме добро што ќе ти речам: утре, рано наутро, пред да изгрее сонцето, ќе станеш и ќе дојдеш кај водопадот. Јас ќе бидам таму и ќе те чекам. Тогаш ќе те научам. А сега, во текот на денот, одмарај се, спиј, јади, уживај во природата. Длабоко диши. Земи воздух низ нос, испушти го низ клунот. Бавно, полека. Сè додека не почувствуваш дека ти е подобро. И најважното за крај: кога некој ќе те навреди или повреди, насмевни му се и замини. Не троши ја силата да разговараш или да плачеш за некој кој не знае за убав збор, ако му вратиш, си станал злобен како него. И последното, три пати во денот, појди до езерото, погледи во него, таму ќе го видиш својот лик. Зборувај со водата,кажи си: јас сум вредна птица, јас можам сè, силата е во мене. А ноќта чим дојде и месечко на небото ни посака добра ноќ, легни, одмори се и пред да заспиеш замислувај си ја твојата најголема желба, твојата најголема победа: да полеташ. Ете, тоа е сè што барам од тебе, пред утрешниот голем ден. “

Лавот ги кажа овие зборови и замина. Фламингото остана зачудено. Иако многу го сакаше и го почитуваше кралот, сè уште не му беше јасно, како може еден лав кој никогаш не летал во животот, да го учи токму него, на летање. Но, не сакаше да го разочара кралот, затоа стори сè што тој побара од него: не реагираше на навредите од другите, во текот на денот најчесто беше само, ги набљудуваше облаците, си фантазираше дека е на небото, кога одеше да се напие вода, на својот одраз си кажуваше само убави зборови. Розовото фламинго таа вечер заспа со насмевка на лицето и спиеше длабок и мирен сон.

Утредента се сретна со лавот на договореното место. Лавот веќе го чекаше и му рече:
„Добро утро победнику! Како си утрово?”

Фламингото одговори:
„За волја на вистината, се чувствувам прекрасно, почитуван кралу. Цела ноќ многу убаво спиев. Се чувствувам одморено и свежо.”

„Драго ми е ова што го слушам”, одговори кралот и додаде: ,,го гледаш ли она мовче над водопадот? Качи се на него и од таму почни да леташ. Дур се качуваш по мовчето, повторувај си ги оние зборови кои ги кажуваше дур се огледуваше во езерото. И пред да полеташ, затвори ги очите, рашири ги крилјата и прави го она кое го правеше дур го замислуваше твојот најголем сон.”

На фламингото срцето почна силно да му чука од возбуда. Но, не покажа ни тронка страв. Напротив, ги слушаше советите од кралот.

„Јас сум вредна птица, јас можам сѐ, силата е во мене”…Овие зборови ги повторуваше сѐ дур не се искачи на мовчето. А тогаш, ги затвори очите, ги рашири крилјата, зема длабоко воздух и го правеше она што го замислуваше вчера. Наеднаш, оддалеку го чу гласот на лавот:

„Браво јунаку! Ти го живееш својот сон! Се гордеам со тебе!”

Кога ги чу тие зборови, фламингото ги отвори очите и виде дека тој навистина лета, тој е на небото, облаците го милуваа, сонцето му се радуваше. А фламингото? Не можеше да поверува дека го живее својот најголем сон: да лета. Цел лет имаше огромна насмевка на своето лице.

Откако се измори од летање, слета на земјата до кралот, го прегрна со своите меки, розови крилја и му рече:

„Кралу, јас не знам како да ви се заблагодарам за оваа животна лекција. Вие ми го подаривте најубавиот подарок- животот.”

А кралот на ова само се насмевна и мудро му одговори:

„Јас ништо не ти подарив. Ти самото направи сѐ. Ако не ги послушаше моите совети, да се смириш, да мислиш на убави нешта и да сонуваш дека

си победник, ако продолжеше да плачеш и да се плашиш, ти сега немаше да полеташ. Ти самото реши да раскажуваш нова приказна за себе. Реши да раскажуваш приказна за фламингото кое лета, а не кое се плаши да полета. И ЗА КРАЈ, ЗАПОМНИ: **СТРАВОТ Е НАЈГОЛЕМИОТ НЕПРИЈАТЕЛ. НЕ ПЛАШИ СЕ. ВЕРУВАЈ ВО СЕБЕ. БИДИ СРЕЌЕН И РАСПОЛОЖЕН. КАЖУВАЈ УБАВИ НЕШТА ЗА СЕБЕ, САКАЈ СЕ СЕБЕСИ. ВО УМОТ ИМАЈ САМО МИР, БИДЕЈЌИ САМО МИРОТ МОЖЕ ДА ТИ ГО ПОДАРИ СЀ ОНА ШТО ГО ПОСАКУВАШ. “**

Ова беа последните зборови на кралот тоа утро. Лавот продолжи да владее со кралството, а розовото фламинго го освојуваше небото.

Прашања за разговор со детето:

1. Дали ти се допадна приказната?
2. Што ти се допадна најмногу и зошто?
3. Што научи од приказната?
4. Ајде да направиме споредба на лавот и фламингото
5. Како кој лик си ти? Лав или фламинго?
6. Зошто сакаш да бидеш токму тој лик?
7. Кои чувства ги сретнуваш во приказната? Ајде да разговараме за овие чувства.